РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**ДКСК** — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**KSHPK** — KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-87/2
17-01-2022

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 58-та седница одржана на ден 28.12.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-4310/1 од 16.09.2019 година, оформен согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ____________________, поранешен Министер за __________________ во Владата на Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-4310/1 од 16.09.2019 година.

Предметот со број 08-4310/1 од 16.09.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во анонимизирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот број 08-4310/1 од 16.09.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

Во согласност со Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година, ДКСК оформи предмет за проверка на податоците за имотната состојба од анкетниот лист на ______________, поднесен по престанок на функцијата Министер за ______________ во Владата на Република Северна Македонија.

___________________ поднела анкетен лист на 06.07.2017 година по престанок на функцијата министер за ___________________ во Владата на Република Северна Македонија.

За членовите на семејството на ____________________ наведени во анкетниот лист, ДКСК прибави податоци (ЕМБГ) од Министерството за внатрешни работи.

ДКСК за _________________ и за членовите на нејзиното семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Управата за јавни приходи, Министерството за внатрешни работи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од анкетниот лист, утврдено е дека ___________________ во анкетниот лист поднесен до ДКСК не го пријавила следниот имот:

-Гаража 15/393 м2 сопственост на ________________;

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

-ПМВ Волксваген Голф произведено 2013 година, купено 2017 година;

Наведениот имот именуваната го нема пријавено ниту во анкетниот лист поднесен по престанок на функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија поднесен до ДКСК на ден 03.09.2020 година.

ДКСК на именуваната и издаде и достави прекршочен платен налог број 08-6031/2 од 06.12.2021 година за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Од страна на именуваната е доставен доказ дека е постапено по прекршочниот платен налог односно платена е половина од глобата утврдена во истиот.

По разгледување на добиените податоци од Управата за јавни приходи доставени со допис број 19-163/4 од 07.02.2020 година, од годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход за 2018 година на лицето ________________, сопруг на именуваната, Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека во Годишната даночна пријава е евидентиран приход од „добивки од игри на среќа" во бруто износ од 1.060.166,00 денари.

Со оглед на фактот што ______________ навеените приходи не ги пријавила во Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија согласно со член 93 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интреси побара од именуваната да достави податоци и информации за основот на стекнување на наведените приходи.

Од страна на ________________ на 20.09.2021 година е доставено известување во кое наведува дека од страна на нејзиниот сопруг ________________ е известена дека во 2018 година нема остварено приходи од добивки од игри на среќа во бруто износ од 1.060.166,00 денари.

Тргнувајќи од наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи Годишната даночна пријава за утврдување на персонален данок на доход за 2018 година на лицето ________________ како и известувањето доставено до Државната комисија од страна на __________________ да го достави до Управата за финансиска полиција со цел Управата да изврши проверки и да постапи во рамките на нејзините законски надлежности.

Тргнувајќи од горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч.
Одобрил: Ш.С.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**